# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 15**<br><br>**23.12.2022** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 14, став 1, точка 27и 29 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10 , 08/14 , 02/18 , 03/19 и 08/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “**

**Крива Паланка за 2023 година**

1.Со оваа одлука се усвојува Програмата за работа на ЈП „ Калин Камен “ Крива Паланка за 2023 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка “.

**Бр. 09- 4898/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**22.12.2022 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за работа на ЈП Калин Камен-Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Програма за работа на ЈП Калин Камен-Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

**Врз основа на член 22 став (1) точка (7) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 6 став (3), член 11 од Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 104/19, 146/19, 275/19, 302/20,311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), член 2 точка (3) и член 9 од Законот за заштита на деца („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 14 став (1) точка (11) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18, 3/19 и 8/21), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.12.2022 година ја донесе:**

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година.**

1. Во програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во областа за Детска заштита, **во делот Целни групи според области во точка 2 – Детска заштита се додава нова алинеја која гласи „- новороденчиња“.**

**2. Во програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година во областа за Детска заштита во делот Активности точка 4. Доделување на Количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка се менува и гласи „Субвенционирање за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка“.**

3. Во Акцискиот план од П**рограмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година во делот на табелата - ЦЕЛ: Помош за новородено дете, деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители точка 4 се менува и гласи „Субвенционирање за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка“.**

**4. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.**

**Бр.09- 4898/5** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22.12.2022 год.** | **Претседател,**
**Крива Паланка** | **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална,детска и здравствена заштита за 2023 година**

1.Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална,детска и здравствена заштита за 2023 година,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

**Врз основа на член 14 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) и чл. 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр.08/10, 08/14, 02/18, 03/19) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 22.12.2022 година, донесе:**

**Програма**

**за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023г**

**Во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023г бр. 09-4665/39 од 07.12.2022 год. се вршат следниве измени и дополни:**

**1. Во точка 2.1-Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел), се менува алинеа 8 и гласи:**

**-Реконструкција на улици: (17-та мак. ударна бригада (нас. Илинден), ул. Наско Тамбурков, ул.3-та мак. ударна бригада, ул„Ѓорче Петров“, ул.Димитар Влахов, ул.„Чупино Брдо“), со средства од Министерството за транспорт и врски, врз основа на заклучок за распределба на средства од 112-та седница на Владата на РСМ од 20 декември 2022 год. дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка маала (над гробишта во нас. Единство), ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала (напомена: за реконструкција на овие улици ќе се аплицира доколку има повик и се обезбедат средства од други државни институции**

**2. Во точка 4. Приходи и расходи, во делот приходи, после точката 3 се додава точка 4 која гласи:**

**4. Средства од буџет на министерство за транспорт и врски ...............15.000.000,00**

**Износот вкупно се менува и гласи ....................................................71.000.000,00**

**3. Во точка 4. Приходи и расходи, во делот расходи, во точката 1. Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патни правци и улици во Општина Крива Паланка се менува износот и гласи ....................................................................51.500.000,00**

**Износот вкупно се менува и гласи ...........................................................71.000.000,00**

**4. Истите измени и дополни се прават и во делот:**

**акциски план**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2023 година на Општина Крива Паланка**

**5. Оваа Програма стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2023 година.**

**Бр. 09-4898/7** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**22.12.2022 год.** — **Претседател,**

**Крива Паланка** — **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба,реконструкција ,одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба,реконструкција ,одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /8** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеа 3, став 2 и став 11 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) , а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.12.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка, дава согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Измената на Годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Крива Паланка ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-4898/9**
**22.12.2022 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба,реконструкција ,одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба,реконструкција ,одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /8** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 и 173/22 ) , член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05 ; 4/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 ; 167/16 и 151/21) , член 93 став 2 од Законот за административни службеници ( „ Службен весник на РМ “ бр. 27/14 ; 199/14 ; 48/15 ; 154/15 ; 5/16 ; 80/16 ; 127/16 ; 142/16 ; 2/17 ; 16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 275/19 ; 14/20 ; 215/21 и 99/22 ) , одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на Владата на РСМ , судовите , јавни обвинителства , казнено-поправните и воспитно-поправните установи , државното правобранителство , општините , Градот Скопје и општините на Градот Скопје , агенциите , фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ( „ Службен весник на РСМ “ бр. 51/20 и 172/21 ) , Колективен договор за адниниистративни службеници и други вработени во Општина Крива Паланка бр.08 – 4078/1 од 21.10.2022 година и член 14 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 18 - та седница одржана на 22 .12 .2022 година , донесе :

# Б У Џ Е Т

## на Општина Крива Паланка за 2023 година

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** за 2023 година,се состои од:

| | |
|---|---|
| **I.Вкупни приходи** | **443.998.000** |
| Даночни приходи | 51.841.000 |
| Неданочни приходи | 17.630.000 |
| Капитални приходи | 45.254.686 |
| Приходи од дотации | 246.082.000 |
| Приходи од трансфери | 73.693.314 |
| Приходи од донации | 9.497.000 |
| **II.Вкупни расходи** | **441.598.000** |
| Од утврдени намени | 441.298.000 |
| Расходи од резерви | 300.000 |
| **III.Суфицит** | **2.400.000** |
| **IV.Финансирање** | **- 2.400.000** |
| **Прилив** | **5.000.000** |
| Домашни задолжувања | 0 |
| Странски заеми | 0 |
| **Депозит** | **5.000.000** |

| | |
|---|---|
| **Одлив** | **7.400.000** |
| Отплата на главница | 7.400.000 |

**Член 2**

Приходита на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи,а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09 – 4898/11**
**22 .12.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /12**

**23.12.2022 год.**

**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Градоначалник,**

**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) , член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 ; 150/21 и 173/22 ) , член 35 став 3 од член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05 ; 4/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 ; 167/16 и 151/21) , член 93 став 2 и член 94 – а од Законот за административни службеници ( „ Службен весник на РМ “ бр. 27/14 ; 199/14 ; 48/15 ; 154/15 ; 5/16 ; 80/16 ; 127/16 ; 142/16 ; 2/17 ; 16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 275/19 ; 14/20 ; 215/21 и 99/22 ) , одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на Владата на РСМ , судовите , јавни обвинителства , казнено-поправните и воспитно-поправните установи , државното правобранителство , општините , Градот Скопје и општините на Градот Скопје , агенциите , фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ ( „ Службен весник на РСМ “ бр. 51/20 и 172/21 ) , Колективниот договор за административни службеници и другите вработени во Општина Крива Паланка бр.08 – 4078/1 од 21.10.2022 година и член 14 став 1 точка 4 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 18 - та седница одржана на 22 .12 .2022 година , донесе :

**О Д Л У К А**

**за извршување на Буџетот наОпштина Крива Паланка за 2023 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст – Буџетот) .

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од :

- Основен Буџет ;
- Буџет на самофинансирачки активности ;
- Буџет на дотации ;
- Буџет на донации и
- Буџет на кредити (заеми) .

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела , а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски , рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализација на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот , му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник , корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки , програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките потпрограма и буџет , не можат да бидат намалени повеќе од **20 %** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10 %.**

**Член 7**

Буџетските корисници , во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности , буџетот на донации , буџетот на дотации или буџет на заеми , планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ , доставуваат барање за намалување / зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети , кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства . Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот , односно бруто платите се утврдуваат за :

- за Градоначалникот 2,90 коефициент на основица која изнесува 26.755,00денари ;
- за недржавните службеници вредноста на бодот е 19,33 денари бруто , определен според правилникот за исплата на плати на недржавни службеници и ќе ги прати промените со исплата на плати на државните службеници ;
- вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината ;
- за исплата на плата на директорот на ЛУ Градски музеј ќе се исплатува коефициент 2,95 и бруто основица 17.000,00 денари ,а за вработени ќе се исплатува коефициент 1,91 и бруто основица 17.000,00 денари согласно со Статутот и Правилникот.
- на вработените во ТППЕ ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати,надоместоци на плати и други примања .

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2023 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин :

- средствата ќе се планираат на сметка - дотации (930) , а ќе се извршуваат преку сметката - дотации на локалните јавни установи (903);
- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати , образец Ф–1 за бројот на вработените по име и презиме , бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата ;
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат

образец М –1 .

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии .

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата .

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција .

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на советот изнесува 50 % од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година .

На претседателот на советот , за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок , зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член .

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец .

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет .

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува , доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец .

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува , доколку советот во тековниот месец не одржал седница .

**Член 13**

Исплатата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма - Општинска администрација - Е0 расходно конто 404110 - надомест на годишен одмор , Програма-Градоначалник - ДО расходно конто 404110 - надомест на годишен одмор , Програма - Музејска и кинотечна дејност К3 расходно конто 404110 – надомест за годишен одмор и Програма – Противпожарна заштита – Њ0 расходно конто 404110 на основа донесено решение од Градоначалникот .

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000,00 денари нето , под услов вработениот да работел најмалку шест ( 6 ) месеци во календарската година кај работодавачот.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник - Д0 расходно конто 404150 - Други надоместоци .

**Член 15**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки , почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки .

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка , при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) , одлучува Советот на општината , а ги извршува Градоначалникот .

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите .

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува

Градоначалникот .

**Член 17**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот , согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди .

**Член 18**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник - Д0 расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата .

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина на две просечни плати исплатени во последните шест ( 6 ) месеци , а во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од една ( 1 ) просечна плата . Исплатата се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110 – Тековни резерви ( разновидни расходи ) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот .

**Член 19**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината .

**Член 20**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината .

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства .

Локалните јавни установи од областа на културата , образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република С.Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии , врз основа на барање од Градоначалникот на Општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи , со соодветна пропратна документација .

**Член 21**

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто плата .

**Член 22**

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината , за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи , стоки и услуги .

**Член 23**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот , погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени , а доколку такви приходи нема , тогаш на товар на другите приходи на Буџетот .

Повратот на погрешно , на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот , освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Буџетот на Општина Крива Паланка се извршува од 01.01.2023 до 31.12.2023 година .

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01 јануари 2023 година .

**Бр.09 –4898/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22 .12 .2022 година** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /14** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“бр.27/14 ; 199/14 ; 48/15 ;154/15 ; 5/16 ; 80/16 ; 127/16 ; 142/16 ; 2/17 ; 16/17 и 11/18 и „ Службен весник на РСМ бр.275/19 ; 14/20 ; 215/21 и 99/22 ), и член 14 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 18 - та седница одржана на 22. 12 . 2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државни службеници за 2023 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

**Бр.09 – 4898/15**
**22 . 12 . 2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2023 година**

1.Се објавува Одлука утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2023 година,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /16** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 27 , став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „ Службен весник на РМ “ бр.61/04 , 96/04 , 67/07 ,156/09 ,47/11 , 192/15 и 209/18 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 244/19 , 53/21 , 77/21 , 150/21 и 173/22 ) и член 14 став 1 точка 4 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 , 08/14 , 02/18 , 03/19 и 08/21 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 18- та седница одржана на 22 . 12 . 2022 година , донесе :

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2023 ГОДИНА

## НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

### Член 1

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| **1 Јануари** | Започнува новата буџетска година. | |
| **Јануари** | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста. | **Општинска администрација** |
| **Најдоцна до 31 јануари** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 4 квартал од претходната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | **Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања** |
| **15 дена по истекот на секој месец** | Месечни извештаи на општинските буџетски единки до општината со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови. | **Општински буџетски единки** |
| **Најдоцна до 28 февруари во тековната година , за претходната година** | Се изготвува и доставува Годишната сметка на буџетот до Советот на општината . | **Градоначалник** |
| **Најдоцна до 15 март во тековнатата година, за претходната година** | Се донесува Годишната сметка на буџетот. | **Совет на општина** |
| **Најдоцна до 31 март во тековнатата година, за претходната година** | Годишната сметка на буџетот се доставува до Министертвото за финансии . | **Градоначалникот** |
| **Најдоцна до 30 април** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 1 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | **Градоначалник, Сектор/Одделение за финансии** |
| **Најдоцна до 31 јули** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 2 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | **Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања** |
| **До 30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината. | **Министерство за финансии** |

| | | |
|---|---|---|
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори и одделенија во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани програми и активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/приоритетите/ активностите на секој од општинските сектори и одделенија. | **Општинска администрација / Сектор-одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври** | Одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | **Општинска администрација** |
| **Октомври** | Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-програми и пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет. | **Градоначалник , Сектор / Одделение за финансиски прашања** |
| **Октомври / Ноември** | Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни. На овие форуми може да се разгледуваат нацрт-развојните и нацрт-годишните програми. Бројот на форумските сесии обично е дефиниран во согласност со специфичноста и приоритетите на општината (4-5) и временски усогласен со останатите буџетски чекори. | **Градоначалник/Општинска администрација** |
| **Најдоцна до 31 октомври** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 3 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина. | **Градоначалник, Сектор/Одделение за финансиски прашања** |
| **Најдоцна до 15 ноември** | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година . | **Совет на општина** |
| **Ноември** | Барање за доставување на годишните финансиски планови на сите сметки за наредната фискална година до буџетските единки за да се имплементираат во Предлог – Буџетот . | **Буџетските единки** |
| **Крај на ноември/ почеток на декември** | Доколку има издржана сугестија/забелешка од јавноста на (буџетските форуми ) и нивните изгласани преоритети да се имплементираат во предлог - буџетот за наредната фискална година . | **Градоначалник** |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение. | **Градоначалник** |
| **Декември** | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | **Совет на општина** |
| **Крај на декември** | - Донесување на Буџетскиот календар ;<br>- Донесување на Буџетот за наредната буџетска година ;<br>- Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината ;<br>- Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници . | **Совет на општина** |

**Член 2**

Буџетскиот календар на Општина Крива Паланка за 2023 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “, а ќе се применува од 1 Јануари 2023 година.

**Бр. 09 –489817** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**22 . 12 . 2022 година** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

1.Се објавува Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 40 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019 и 08/2021), а во врска со Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/25 од 07.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 22.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на еднократен финансиски надоместок на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува еднократен финансиски надоместок на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Еднократниот финансиски надоместок за секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка изнесува 3.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократен финансиски надоместок од член 2 на оваа Одлука, родителите на новороденчето се должни кон барањето да приложат извод од матична книга на родените за новороденчето, како и лични карти од двајцата родители и податоци за трансакциска сметка на еден од родителите.

**Член 4**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

Средствата за исплата на еднократен финансиски надоместок од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-4898/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**22.12.2022 год.** **Претседател,**

**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана
на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 40 од Статутот на Општината Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019 и 08/2021), а во врска со Програмата за социјална, детска и здраствена заштита на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/25 од 07.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за доделување на субвенција за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува субвенција за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка на секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Субвенција за количка за секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка изнесува 3.000,00 денари.

**Член 3**

За остварување на правото на субвенционирање за количка за новороденче од член 2 на оваа Одлука, родителите на новороденчето се должни кон барањето за субвенционирање на количка да приложат извод од матична книга на родените за новороденчето, како и лични карти од двајцата родители, податоци за трансакциска сметка на еден од родителите и фискална сметка за купена количка за новороденче не постара од 01.01.2023 година.

**Член 4**

Барањето родителот/старателот го доставува најдоцна до 31.01.2024 година

**Член 5**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Крива Паланка.

Средствата за исплата на субвенцијата за купена количка за новороденче од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-4898/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22.12.2022 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на субвенција за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за доделување на субвенција за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /22** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка( 6) и (15) од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр 5/02), член 14 став (1) точка (27) и (40) од Статутот на Општина Крива Паланка Советот (Службен Гласник на Општина Крива Паланка бр.8/2010, 8/14,2/18, 03/19 и 08/21,) Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развоен план на ОЈУДГ Детелинка Крива Паланка за период од 2022-2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за усвојување на Развоен план на ОЈУДГ Детелинка Крива Паланка за период од 2022-2026 година бр.02-219/4 од 13.12.2022 година донесена од Управниот одбор на ОЈУДГ Детелинка Крива Паланка

.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување ,аќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка”.

**Бр. 09 – 09-4898/23**
**22.12. 2022 год.**
**Крива Палнака**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развоен план на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развоен план на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /24** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 и 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и на РСМ бр.143/19, 14/20), а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014 ,02/2018, 03/2019, 08/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.12.2022 година

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНАТА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2023 ГОДИНА НА ОЈУДГ „ДЕТЕЛИНКА“ КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на измената на Годишниот План за вработување за 2023 година на ОЈУДГ „Детелинка“ Крива Паланка

Член 2

Измената на Годишниот План за вработување за 2023 година на ОЈУДГ „Детелинка “ ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09- 4898/25**

**22.12.2022**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на ОУЈДГ Детелинка –Крива Паланка,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /26** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (41) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 8014, 2/18, 3/19 и 8/21), а согласно Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/33 од 07.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЛАДИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА КУПУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕД**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за користење на финасиски средства утврдени во Буџетот на Општина Крива Паланка, со намена за надоместување на дел од трошоците направени при купување на велосипед во тековната година.

Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, согласно овој Правилник имаат физичките лица кои спаѓаат во категоријата млади, односно лицата на возраст од 15 до 29 години од Општина Крива Паланка кои ја доставиле потребната документација и ги исполнуваат критериумите од овој Правилник.

**Член 2**

Износот на субвенцијата за купување на велосипед се утврдува со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка за секоја година посебно.

Финансиските средства определени за таа намена, утврдени со Одлука на Советот на Општина Крива Паланка, се доделуваат до нивното целосно исцрпување од Буџетот на Општината.

**Член 3**

Со цел да се реализира Одлуката од Советот за определување на максималниот износ за доделување на поединечна субвенција за купување на велосипед:

1. Општина Крива Паланка објавува Јавен повик согласно Програмата за млади донесена од страна на Советот на Општина Крива Паланка;
2. Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Крива Паланка (www.krivapalanka.gov.mk);
3. Јавниот повик ќе трае се до потрошување на средствата предвидени за овој Јавен повик;
4. Јавниот повик ќе се реализира по принципот „прв дојден прв услужен“;
5. Доколку бидат исцрпени предвидените финансиски средства Општина Крива Паланка ќе

ја информира јавноста дека Јавниот повик е прекинат пред истекот на периодот за кој е објавен;

6. За времетраење на Јавниот повик, јавноста ќе биде континуирано известувана за степенот на искористување на предвидените средства за субвенционирање на набавката на велосипеди, односно за преостанатите средства за таа намена.

## II ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Право на субвенционирање на дел од средства за купување на велосипеди имаат физички лица кои се жители на Општина Крива Паланка и спаѓаат во категоријата на млади дефинирани во член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), според кој „млади“ се лицата на возраст од 15 до 29 години.

Сите млади кои во тековната година на објавување на Јавниот повик ќе го исполнат овој услов имаат право на субвенционирање на дел од средствата за купување на велосипед.

## III ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства согласно овој Правилник, Градоначалникот на Општина Крива Паланка од редот на вработените во општинската администрација формира Комисија од 3 члена за спроведување на постапката за субвенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на велосипеди.

**Член 6**

Барателот е должен да ја поднесе следната документација за исполнување на услови за добивање надоместок :

-**барање за надоместок** (барањето може да се подигне во Архивата на Општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на Општината www.krivapalanka.gov.mk);

-**фотокопија на важечка лична карта** на барателот или фотокопија на извод од матична книга на родените за малолетни лица;

-**фотокопија од активна трансакциска сметка** на барателот односно родител/старател на малолетно лице;

-**потполнета изјава** за давање на согласност за користење на лични податоци (изјавата може да се подигне во Архивата на Општина Крива Паланка или да се обезбеди од интернет страницата на Општината www.krivapalanka.gov.mk);

-доказ дека е извршено купување на велосипед на територијата на Република Северна Македонија, и тоа оригинал фискална сметка или фактура со извод од деловна банка, сметајќи од 01 јануари во тековната година како прв ден за набавка на велосипедот;

-изјава дека нема користено право на субвенции за купување на велосипед за претходните 5 години од последниот Јавен повик за субвенционирање за купување на велосипед од Буџетот на општина Крива Паланка;

-едно лице што ги исполнува условите има право за добивање на надоместок само за еден велосипед.

**Член 7**

Барањето за надоместување на дел од трошоците за купување на велосипеди, заедно со потребната документација, во затворен плик ги поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Општина Крива Паланка, секој работен ден од 07.30 до 15.30 часот.

Архивата на Општина Крива Паланка примените барања ги евидентира по редоследен број, по кој ќе се разгледуваат и исплаќаат барањата.

На пликот треба да е наведено ,,Јавен повик за субвенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на велосипеди”.

**Член 8**

По објавување на Јавниот повик, а согласно со динамиката на пристигнување на барањата, се до завршувањето на Јавниот повик, односно до исцрпувањето на Буџетот, Претседателот на Комисијата свикува состаноци на кои ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната докуметација.

Комисијата ги разгледува пристигнатите барања со цел да утврди дали истите се уредни и комплетни. За секое поднесено барање се изготвува Записник. Доколку се констатира дека одредено Барање е некомплетно, Комисијата е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи во рок од 5 (пет) работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите. Доколку Барателот не ги комплетира документите во предвидениот рок, ќе се смета дека не ги исполнува условите за субвенционирање и Барањето ќе му биде одбиено.

Комисијата врз основа на поднесеното барање утврдува исполнување, односно неисполнување на условите за користење на финансиски средства врз основа на документацијата од член 6 на овој Правилник.

**Член 9**

Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Крива Паланка за одобрување на барањето за надоместување на дел од трошоците направени при набавка на велосипеди.

Градоначалникот на предлогот на Комисијата носи Решение за одобрување на Барањето на барателите кои ги исполниле условите согласно со овој Правилник и Јавниот повик.

Комисијата ги известува барателите доколку немаат доставено уредна и комплетна документација, согласно на овој Правилник и им ја враќа истата документација во прилог на известувањето.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка на предлог на Комисијата носи Решение за одбивање на барањето за барателите кои не ги исполниле условите од овој Правилник.

Против Решението на Градоначалникот не е дозволена посебна жалба.

**IV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Општина Крива Паланка, преку Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Секторот за општи и правни работи, финасиски прашања и локален економски развој има обврска да ги чува документите кои ќе бидат доставени во прилог на поднесените барања од физички лица во период од најмалку 5 години, како и да води уредна евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка, согласно овој Правилник, како и на сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 11**

Овој Правилник влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-4898/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22.12.2022година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување велосипед**

1.Се објавува Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за сувенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување велосипед ,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /28** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/10, 8014, 2/18, 3/19 и 8/21), Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година бр.09-4665/33 од 07.12.2022 година, а согласно на член 2 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на велосипед бр.09-4898/27 од 22.12.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на средствата за доделување на поединечна субвенција за купен велосипед за 2023 година на физичко лице кое спаѓа во категоријата на млади согласно член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20).

**Член 2**

Максималниот износ за поедничената субвенција за купен велосипед по лице се утврдува во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 4.000 денари со вклучен персонален данок на доход.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023, програма АО, ставка 464990 во износ од 200.000.оо денари и истите се доделуваат се до нивното целосно искористување.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на физичко лице кое спаѓа во категоријата на млади за купен велосипед за 2023 година се утврдени со Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства за субвенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на велосипед бр.09-4898/27 од 22.12.2022 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-4898/29** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**22.12.2022 година** — **Претседател**
**Крива Паланка** — **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2023 година**

1.Се објавува Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2023 година,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 /30** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22, став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија “бр. 5/2002), член 14, став 1 т.11 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 08/2014, 2/2018 и 03/2019), а во врска со член 40 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), точка 90 „ Информација за инклузија на деца роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца роми што се во социјален ризик од Извадокот од нацрт записникот на 103-та седница на Владата на Р.С. Македонија оддржана на 25.11.2022 година, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 22.12.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ „ДЕТЕЛИНКА“ – Крива Паланка за учебната 2022/2023 година.**

Член 1

(1) Со оваа одлука се врши ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОЈУДГ „Детелинка“- Крива Паланка на 15 (петнаесет) деца Роми што се во социјален ризик(чии што семејства се корисници на права на парична помош од социјална заштита) на возраст од 3-6 години за учебната 2022/2023 година.
(2) Средствата за покривање на Партиципацијата од ставот (1) на овој член ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Крива Паланка, преку блок дотацијата од Министерството за труд и социјална политика наменета за ОЈУДГ „Детелинка“-Крива Паланка за 2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка ”.

**Број .09-4898/31**
**22.12. 2022 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ ,,Детелинка’’-Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ ,,Детелинка’’-Крива Паланка ,што Советот ја донесе на 18-та седница, одржана на ден 22.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –4898 / 32** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**23.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски**

**Ред.бр.** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1. Програма за работа на ЈП Калин Камен Крива Паланка за 2023 година ........................1
2. Заклучок за објавување на Програма за работа на ЈП Калин Камен Крива Паланка за 2023 година...........................................................................................................2
3. Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална ,детска и здравствена заштита за 2023 година ..................................................................3
4. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална ,детска и здравствена заштита за 2023 година................................................4
5. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023г......5
6. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2023г..................................................................................................6
7. Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Крива Паланка ...................................................................7
8. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на Општина Крива Паланка..........................................8
9. Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година;..............9
10. Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година..........................................................................................................10
11. Одлука за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2023 година;............11
12. Заклучок за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2023 година..................................................................................15
13. Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година;..................................................................................................................16
14. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година..........................................................................17
15. Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година....................................................................................................................18
16. Заклучок за објавување на Буџетски календар за планирање на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година..........................................................................20
17. Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка...................21
18. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка....................................................................................................................22
19. Одлука за доделување на субвенција за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка на секое новороденче ,запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка......................................23
20. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на субвенција за количка за новороденче запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка

на секое новороденче ,запишано со адреса на живеење на територија на Општина Крива Паланка..........................................................................................................................24

21. Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развоен план на ОЈУДГ Детелинка Крива Паланка за период од 2022-2026 година...........................................25
22. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развоен план на ОЈУДГ Детелинка Крива Паланка за период од 2022-2026 година.........................................................................................................................26
23. Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на ОЈУДГ Детелинка Крива Паланка ..................................................................27
24. Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2023 година на ОЈУДГ Детелинка Крива Паланка...........................28
25. Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски сретства од Буџетот на Општина Крива Паланка за субенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на велосипед................................29
26. Заклучок за објавување на Правилник за уредување на условите ,начинот и постапката за користење на финансиски сретства од Буџетот на Општина Крива Паланка за субенционирање на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за купување на велосипед.......................................................................................................................32
27. Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2023 година....................................................................33
28. Заклучок за објавување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција за млади за купен велосипед за 2023 година..........................34
29. Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ „ДЕТЕЛИНКА“ – Крива Паланка за учебната 2022/2023 година.............................................................................................................35
30. Заклучок за објавување на Одлука за ослободување од партиципација во трошоците за згрижување и воспитание и одмор и рекреација на деца во ОУЈДГ „ДЕТЕЛИНКА“ – Крива Паланка за учебната 2022/2023 година...........................................................................36